# LACALUT® ДЕТЕКТОР.



## ОБОЈ. ПРОНАЈДИ. ОТСТРАНИ!

## СЕТОТ СОДРЖИ:

### LACALUT AKTIV HERBAL – 75 ML

**LACALUT AKTIV HERBAL** е паста со единствена формула со активни состојки што ја одржува цврста гингивата и ги прави забите здрави и отпорни на кариес.

Активните состојки (алуминиум лактат, алуминиум флуорид, хлорхексидин, алантоин, бисаболол) имаат дејство на крварењето при воспалена гингива (гингивит) и пародонтопатија, како и реминерализација и заштита на забите од кариес. Додатокот на 8 билки обезбедува долготраен свеж здив, делувајќи противвоспалително, антисептично, регенеративно и освежувачки.

**Употреба:** Забите треба да се мијат по секој оброк, 2-3 минути.

### LACALUT ПЛАК ДЕТЕКТОР (РАСТВОР ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ДЕНТАЛЕН ПЛАК) – 10 ML

**LACALUT ПЛАК ДЕТЕКТОР** се користи за обележување на вообичаено невидливите наслаги од плак на забите и во усната празнина. Содржи 2% раствор на метиленско сино, кој влијае антисептички и има способност да се врзе со меките наслаги во забниот плак, обојувајќи ги во темно сина боја.

Отстранувањето на обоените наслаги се врши со промивање со вода и четкање со забна четка и забна паста. Доколку и по чистењето со паста и четка остануваат обоени регии, консултирајте го Вашиот стоматолог.

**Контраиндикации и мерки на претпазливост:**

- Алергиска пречувствителност на составните компоненти-метиленско сино.
- При невнимателно ракување, може да ја обои кожата и ткаенините со кои ќе дојде во допир.

**Состав:** C.I 52015 (2%), Aqua

**Начин на чување:** Да се чува на суво и темно место, вон дофат на деца.

**Рок на употреба:** Означен на амбалажата на растворот.

**Предупредување:** Во случај да имате композитни реставрации (пломби, онлеи, инлеи) во устата или пак фиксни протетички и ортодонтски изработки, потребно е особено внимание при нанесувањето, затоа што растворот може да ги обои рабовите на дотраените изработки, што може да предизвика потреба за нова реставрација.

**Најпрепорачливо е детекцијата на наслагите од плак да ја изврши Вашиот стоматолог во својата ординација. Стоматологот може да ви даде професионален совет за состојбата со плакот, како и за правилна техника на четкање на забите.**

**Препорака за употреба во домашни услови:**

1. Исчеткајте ги забите на вообичаениот начин, а потоа добро исплакнете ја устата и отстранете ги сите остатоци од храна.
2. Пред употребата, пожелно е да извршите заштита на усните од пребојување, со нанесување на балзам за усни.
3. Внимателно нанесете мало количество од растворот (неколку капки) на памучно стапче и со него нежно премачкајте ги сите површини на забите, како и гингивата која ги опкружува.
4. Почекајте 1 минута.
5. Исплакнете ја устата со вода и исплукајте го вишокот.
6. Погледнете се во огледало и забележете ги деловите кои се обоени во темно сино. Тоа се неисчистените наслаги на плак. За преглед на забните површини блиски до јазикот користете стоматолошко огледалце.
7. Темелно исчистете ги забите до целосното отстранување на темно сината боја.
8. Растворот (плак детектор) може да се употребува повеќекратно (неколку пати во продолжен период до истек на рокот или до потрошување), но **максимум еднаш во денот.**

Dr. Theiss Naturwaren GmbH, Michelinstr. 10, D-66424 Homburg **Земја на потекло:** Германија
**Увозник за МК:** Натусана Македонија ул. Качанички пат бр. 174, 1010 Скопје **www.natusana.mk**

LACALUT® ДЕТЕКТОР.



# ОБОЈ. ПРОНАЈДИ. ОТСТРАНИ!

## СО LACALUT ДО ПОЕФИКАСНА ОРАЛНА ХИГИЕНА!

Правилната орална хигиена е клучот за здрава насмевка. Тргнувајќи од тоа, **Lacalut** во соработка со стоматолозите, преку кампањата **Lacalut детектор** има за цел да ви помогне да ја добиете битката со невидливиот непријател - плакот. За да ја востановите состојбата на вашето пародонтално здравје обратете се кај вашиот матичен стоматолог или посетете ја страната **lacalut.mk** каде можете да закажете преглед во ординациите што се дел од Клубот на стоматолози на Lacalut.

## СÈ ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ЗА ПЛАКОТ И НЕГОВОТО ТЕМЕЛНО ОТСТРАНУВАЊЕ

**1. Што е плак и зошто треба темелно да се отстрани?**

Плакот е безбојна леплива материја што се формира на површината на забите. На секој му се појавува плак, бидејќи постојат бактерии кои живеат и се оформуваат во устата и истите не можат да се видат со голо око. Доколку не се отстрани, плакот може да резултира со воспаление на гингивата. Најнепосакуваниот исход од ваквата состојба е расклатување и опаѓање на забите.

**2. Кои се симптомите на воспалена гингива?**

Почетните знаци на воспаление на гингивата најдобро може да ги препознае стоматологот. За лаичкото око, тешко е да се препознае дали гингивата е во нормална состојба, односно воспалена.
Задолжително посетете стоматолог доколку забележите дека:
- Непцата крвават при четкање
- Непцата имаат црвена до темно црвена боја или се отечени

**3. Што претставува правилна техника на четкање на забите?**

Темелното четкање на забите е исклучително важно за да се отстрани плакот. Најповолна техника за четкање е онаа која овозможува максимум покриена и исчистена површина на забите, а најмалку трауми по останатите ткива. Луѓето склони кон заболувања на гингивата и пародонциумот (потпорниот апарат на забот) треба да користат техника за темелно чистење на гингивалниот сулкус (жлебот меѓу забот и гингивата), каде насобраниот плак првично ја прави иритацијата и резултира со натечени и воспалени непца кои лесно крвават при миење.

## ЧЕКОРИ ЗА ПРАВИЛНО ЧЕТКАЊЕ (БАСС ТЕХНИКА) НА ЗАБИТЕ

1. Држете ја четката странично во линија со непцата (дел од влакненцата од четката треба да ви ги допираат непцата).
2. Четкајте напред, назад со кратки движења. Правете и кружни движења за влакненцата од четката да можат да ги исчистат деловите под непцата.
3. Повторете ја истата постапка на секој заб од неговата надворешна и внатрешна страна.

## КРАТКИ СОВЕТИ И ФАКТИ ЗА ПЛАКОТ

1. Од болести на гингивата и пародонциумот се губат повеќе заби отколку од кариес.
2. Поради тоа што плакот е безбоен, особено е важно да се посвети темелно внимание при четкање на забите.
3. Правилното, редовното и минимум 2 минутното четкање на забите има огромна и пресудна улога во зачувувањето на пародонциумот и гингивата.
4. Пародонталната болест, која во најголем број случаи започнува со воспаление на гингивата се развива бавно и долготрајно, со едвај видливи клинички знаци, но со промени во ткивата кои тешко се враќаат назад - токму затоа превентивата е од врвно значење.
5. Доколку пародонталните болести не се санираат навремено, тоа може да резултира со голем број здравствени импликации, вклучувајќи и срцев удар или бактериски ендокардитис.
6. Стоматологот е најзначајниот партнер за справување со развојот на пародонтална болест. За да се заштитите и да реагирате навремено, препорачливо е да закажете специјалистички преглед на кој би се утврдил ризикот од постоење и развој на пародонтална болест, како и за да се информирате за правилниот и ефикасен начин на одржување на орална хигиена.

Dr. Theiss Naturwaren GmbH, Michelinstr. 10, D-66424 Homburg **Земја на потекло:** Германија
**Увозник за МК:** Натусана Македонија ул. Качанички пат бр. 174, 1010 Скопје **www.natusana.mk**